# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**АНАЛИЗА НА СИТЕ ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ОД СТРАНА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ И НАЈЧЕСТИ ПРЕКРШУВАЊА ОД СТРАНА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ, ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИТЕ МЕДИУМИ И ОПЕРАТОРИТЕ НА ЈАВНА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА ЗА 2016 ГОДИНА**

**Скопје, март 2017 година**

## СОДРЖИНА

1. ВОВЕД....5

2. БРОЈ НА ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ....6

3. РЕШЕНИЈА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКА – ОПОМЕНА....7

3.1 Опомени кон радиодифузерите....7

3.2. Опомени кон операторите на јавна електронска комуникациска мрежа....11

3.3. Опомени кон издавачите на печатени медиуми....13

4. ПРЕДЛОЗИ ДО СОВЕТОТ ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА ЗА РАДИО/ТЕЛЕВИЗИСКО ЕМИТУВАЊЕ....13

5. РЕШЕНИЈА ЗА БРИШЕЊЕ ОД РЕГИСТАРОТ НА РАДИОДИФУЗЕРИ....15

6. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ИЗРЕЧЕНИТЕ МЕРКИ – ОПОМЕНИ....16

6.1. Постапување по опомените изречени за повреда на одредби од законот за аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и подзаконските акти....16

6.2. Постапување по опомените изречени за повреди на законот за медиуми....17

7. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА....17

Прилози (5):....19

# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

## 1. ВОВЕД

Имајќи предвид дека 2016 година беше изборна година, во фокусот на активностите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во годината на која се однесува Анализата на сите преземени мерки од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги против радиодифузерите, издавачите на печатените медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа и најчести прекршувања од страна на радиодифузерите, издавачите на печатените медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа, беше реализацијата на активностите на регулаторното тело во рамките на надлежностите утврдени согласно Изборниот законик. Но и покрај тоа, Агенцијата ги реализираше зацртаните активности согласно Годишниот план за вршење програмски надзор бр.01-7134/1 од 25.12.2015 година и Годишниот план за вршење административен надзор бр.01-7135/1 од 25.12.2015 година.

Во текстот што следи, анализирани се постапувањата на Агенцијата во поглед на повредите на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), Законот за медиуми (ЗМ) („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14) и подзаконските акти на Агенцијата, што се сторени од страна на четири вида субјекти: радиодифузерите, издавачите на печатени медиуми, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои ги емитуваат или реемитуваат програмските сервиси на радиодифузерите.

Имено, согласно надлежностите утврдени во член 6 став 1 алинеја 4 од ЗААВМУ, Агенцијата „презема мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите на овој закон или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите“. Во член 23 од ЗААВМУ мерките се конкретизираат, така што цитираниот член пропишува дека доколку се констатира непочитување на одредбите од овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, против издавач на медиум, давателот на аудиовизуелни услуги по барање и операторот на јавни електронски комуникациски мрежи кој врши реемитување на програмски сервиси, директорот на Агенцијата ги презема следните мерки: донесува решение со кое ги опоменува, поднесува барање за поведување прекршочна постапка (во случај кога и покрај донесеното решение за опомена продолжува со вршење на истата повреда за која е опоменет во текот на годината), доставува предлог до Советот за одземање на дозволата или донесува решение за бришење од регистарот на радиодифузери.

Предмет на оваа Анализа се изречените мерки во периодот од 1-ви јануари 2016 година заклучно со 31-ви декември 2016 година, односно за период од 12 месеци и ги опфаќа: донесените решенија со кои издавачите на медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа се опоменети, доставените предлози до Советот за одземање на дозволата и донесените решенија за бришење од регистарот согласно ЗААВМУ и ЗМ.

Податоците од оваа анализа се од исклучителна важност со цел да се оцени дали и во која мера субјектите врз чија работа Агенцијата врши надзор, ги почитуваат одредбите од ЗААВМУ, ЗМ и подзаконските акти на Агенцијата, кои се најчестите прекршувања, доколку има услови за тоа, да се утврдат и причините за непочитувањето на регулативата, а понатаму компарирајќи ги податоците од овие анализи со податоците од претходните години, да придонесат за констатирање на одредени состојби и трендови во медиумската сфера, а крајно доколку има потреба, да резултираат со евентуални предлози за измена на регулативата, поткрепени со аргументи кои ќе произлезат од фактички утврдената состојба опишана во анализата.

## 2. БРОЈ НА ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во текот на 2016 година, за констатираните непочитувања на одредбите од ЗААВМУ, ЗМ, Правилникот за заштита на малолетните лица (ПЗМЛ) и на Правилникот за утврдување на локациите до кои операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски сервиси и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни да го испорачаат својот сигнал (ПУЛ), против радиодифузерите, издавачите на печатени медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа, презеде мерки согласно закон.

При разгледување на констатираната состојба во однос на преземените мерки кои следат во анализата, најнапред, добро е да се има во вид и бројот на субјекти над чие работење Агенцијата вршела надзор.

Па така, во 2016 година во Република Македонија програма емитуваа вкупно 134 радиодифузери (63 телевизии и 71 радио) и јавниот радиодифузен сервис (МРТ), програмски сервиси преку јавна електронска комуникациска мрежа реемитувале вкупно 39 оператори, а во регистарот на издавачи на печатени медиуми биле евидентирани вкупно 18 издавачи на печатени медиуми.

Во анализираниот период, за прекршувања на законските одредби и одредбите на подзаконските акти, за кои при спроведените редовни, контролни и вонредни програмски и административни надзори, беа констатирани повреди, од страна на Агенцијата беа преземени вкупно 167 мерки, и тоа:

- 121 (стодваесетиедна) мерка – опомена (од нив 74 за радиодифузерите, 6 за издавачите на печатени медиуми и 41 за операторите на јавни електронски комуникациски мрежи),
- 37 (триесетиседум) предлози до Советот за одземање на дозвола, и
- 9 (девет) решенија за бришење од регистарот на радиодифузери.

## 3. РЕШЕНИЈА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКА – ОПОМЕНА

Во текот на 2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изрече вкупно 121 опомена поради констатирани непочитувања на одредбите од ЗААВМУ, ЗМ, Правилникот за заштита на малолетните лица и Правилникот за утврдување на локациите до кои операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски сервиси и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни да го испорачаат својот сигнал.

Прегледите на преземените мерки – опомени со податоци за субјектот на кој му е изречена опомената, Уп 1 број и датум на решението за преземање мерка – опомена, одредбата од законот односно подзаконскиот акт која е повредена, опис на прекршокот, дадени се во прилог на оваа анализа како Прилог бр.1 (опомени кон радиодифузери), Прилог бр.2 (опомени кон издавачи на печатени медиуми) и Прилог бр.3 (опомени кон оператор на јавна електронска комуникациска мрежа).

Врз основа на анализираните податоци се констатира дека во 2016 година од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за повреди на ЗААВМУ биле изречени 52 опомени, за повреди на ЗМ биле изречени 41 опомена, а за повреди на ЗААВМУ и подзаконските акти на Агенцијата (Правилникот за заштита на малолетните лица и Правилникот за утврдување на локациите до кои операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски сервиси и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни да го испорачаат својот сигнал), биле изречени 28 опомени.

### *3.1 Опомени кон радиодифузерите*

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во периодот од 1-ви јануари 2016 година заклучно со 31-ви декември 2016 година, врз основа на спроведен надзор над 135 радиодифузери (63 телевизии и 71 радио), заради констатирани повреди на одредбите од: Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и Правилникот за заштита на малолетните лица (ПЗМЛ), изрече 74 опомени кон 39 радиодифузери, што е видно од сликата бр.1 дадена во продолжение на оваа анализа.




*Слика бр.1, Број на изречени опомени и опоменати радиодифузери во 2016 година*

Од вкупно 39 радиодифузери кои Агенцијата ги опоменала во анализираниот период, 26 се телевизии (4 кои емитуваат програма на државно ниво преку сателит, 5 кои емитуваат програма на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, 4 кои емитуваат програма на државно ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој не користи ограничен ресурс, 6 кои емитуваат програма на регионално ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, 1 која емитува програма на регионално ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој не користи ограничен ресурс и 6 кои емитуваат програма на локално ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој не користи ограничен ресурс) и 13 се радија кои емитуваат програма преку радиофрекфенција (1 кое емитува програма на државно ниво, 3 кои емитуваат програма на регионално ниво и 9 кои емитуваат програма на локално ниво).

Најчести повреди во текот на 2016-та година за кои радиодифузерите биле опоменати, се повредите на член 92 од ЗААВМУ односно неисполнувањето на обврските на радиодифузерите за емитување музика и за програми изворно создадени на македонски јазик или на јазиците на заедниците во Република Македонија, за која повреда, во анализираниот период опоменати се 18 радиодифузери, на кои изречени им се вкупно 19 опомени, и тоа:

- 16 опомени поради неисполнување на обврската во 2016 година за емитување најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик односно на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија од која половина во периодот од 07:00 до 19:00 часот (член 92 став 1 и 14 од ЗААВМУ);
- две опомени поради неисполнување на обврската од страна на јавниот радиодифузен сервис за дневно емитување најмалку 60% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик односно на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија од која половина во периодот од 07:00 до 19:00 часот (член 92 став 2 и 14 од ЗААВМУ), и
- една опомена заради непочитување на обврската во текот на неделата за емитување најмалку 8 часа инструментална музика од македонски автори и/или вокална и/или вокално – инструментална музика на македонски јазик, од која 50% треба да биде забавна музика, а 50% народна музика, како и заради тоа што во периодот од 07:00 до 19:00 часот, радиодифузерот не емитувал најмалку половина од законскиот минимум музика, ниту пак обезбедил соодветна процентуална застапеност на народната и забавната музика (член 92 став 4 и 6 од ЗААВМУ).

Понатаму, како чести повреди на законските одредби во анализираниот период, следат 15-те опомени изречени против 15 радиодифузери поради повреда на член 15 став 5 од ЗМ односно неисполнување на обврската на радиодифузерот за доставување до Агенцијата, писмен извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за телевизиско/радио емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа.

Нешто помалку опомени (9), во текот на 2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изрече за повреди на членот 51 став 1 од ЗААВМУ

односно поради необезбедување на информации достапни за корисниците. Доколку овој податок се спореди со податокот од 2015 година, кога за истиот член од Законот Агенцијата изрече 30 опомени, може да се забележи дека радиодифузерите во 2016 година во поголема мера ја исполниле обврската за обезбедување на информации достапни за корисниците.

Ист број опомени (9), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изрече во анализираниот период поради необјавување на податоците (импресум) од страна на радиодифузерите кои се должни истите да ги емитуваат на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис (член 14 од ЗМ).

Шест опомени Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги им изрече на радиодифузерите кај кои беше констатирана повреда на член 15 став 3 од ЗМ односно поради тоа што во првиот предвиден рок не ги објавиле на сопствената програма податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и до Агенцијата недоставиле снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2016 година изрече пет опомени кон осум радиодифузери поради констатирана повреда на член 15 став 1 од ЗМ односно поради тоа што до 31 март 2016 година на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата радиодифузерите не доставиле податоци за: сопственичката структура, односно податоци за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување; податоци за одговорниот уредник/уредници; податоци за изворите на финансирање на радиодифузерот во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично); податоци за остварените вкупни приходи и расходи на радиодифузерот во претходната година од обезбедувањето на дејноста и податоци за просечната гледаност или слушаност на радиодифузерот во претходната година.

Четири опомени во анализираниот период Агенцијата изрече заради повреда на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на одредби од ПЗМЛ од кои:

- две опомени заради емитување програма во несоодветен временски период од денонокието и емитување програма односно нејзино означување со погрешна предупредувачка сигнализација (член 16 и член 17 од ПЗМЛ),
- една опомена заради емитување контактна, интерактивна програма со јасновидци како програма што не се препорачува за лица под 18 години и емитување објави за програма без нивно обележување со визуелниот знак што ја означува категоријата програма и во несоодветни временски периоди од денонокието (член 9 и член 22 од ПЗМЛ) и
- една опомена заради констатирана повреда на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 16, член 17 и член 22 од ПЗМЛ односно поради емитување програма со

погрешна предупредувачка сигнализација, во несоодветен термин од денонокието и без предупредувачка сигнализација за соодветната категорија програма.

Во помал број (2), Агенцијата изрече опомени на радиодифузери кои го повредија членот 64 став 3 од ЗААВМУ односно затоа што програмите на странските јазици или делови од нив што се емитувале на програмите на радиодифузерите не биле преведени на македонски јазик односно на јазикот на заедницата што не е во мнозинство.

Исто така, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изрече две опомени поради непочитување на правилата за емитување програма во која се пласирани производи од страна на радиодифузерите (член 55 ставови 5, 6 и 7 од ЗААВМУ).

Поради необјавување на правилата за учество на програмите со наградно учествување на гледачите и недавање опис на јавно ветените награди од страна на радиодифузерот (член 52 од ЗААВМУ), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изрече една опомена во 2016 година.

Една опомена беше изречена поради емитување прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации од страна на радиодифузер (член 53 став 2 од ЗААВМУ).

Во предметниот период, исто така еден радиодифузер беше опоменет поради тоа што на својата програма емитувал реклами чие времетраење изнесува повеќе од 12 минути на еден реален час (член 100 став 1 од ЗААВМУ).

Во продолжение на оваа анализа, следи графички приказ на опомените кон радиодифузерите по одредби од ЗААВМУ, ЗМ и ПЗМЛ, за кои тие биле изречени во текот на 2016 година (Слика бр.2).




*Слика бр.2, Графички приказ на опомени по одредби од прописи кои радиодифузерите ги повредиле во 2016 година*

Податоците од Слика бр.2 покажуваат дека во 2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во најголем број случаи (19), ги опоменала радиодифузерите поради неисполнување на обврските за емитување музика и за програми изворно создадени на македонски јазик или на јазиците на заедниците во Република Македонија (член 92 од ЗААВМУ), а најмал број опомени изрекла заради следните повреди на законот: необјавување на правилата за учество на програмите со наградно учествување на гледачите и недавање опис на јавно ветените награди од страна на радиодифузерот (1), емитување прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации (1) и заради емитување реклами чие времетраење изнесува повеќе од дозволените 12 минути на еден реален час (1).

### 3.2. Опомени кон операторите на јавна електронска комуникациска мрежа

Во анализираниот период, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на извршен програмски надзор (мониторинг) на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавна електронска комуникациска мрежа, донесе вкупно 41 решение за преземање мерка – опомена, со кои операторите ги опомена за повредите на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) и одредбите од Правилникот за утврдување на локациите до кои операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски сервиси и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни да го испорачаат својот сигнал.

Заради неисполнување на обврската за испорачување на излезниот сигнал до соодветната локација за прибирање сигнал (член 144 став 3 од ЗААВМУ и Правилникот за утврдување на локациите до кои операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски сервиси и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни да го испорачаат својот сигнал), во 2016 година од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на операторите на јавна електронска комуникациска мрежа им беа изречени 24 опомени.

Во анализираниот период, Агенцијата во 13 наврати ги опомена операторите на јавна електронска комуникациска мрежа и им наложи исклучување на реемитувањето на програмски сервиси кои не беа регистрирани во Агенцијата (член 141 став 13 од ЗААВМУ).

Од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во текот на 2016 година беа донесени и три решенија за преземање мерка – опомена против тројца оператори на јавна електронска комуникациска мрежа заради повреда на член 64 став 2 од ЗААВМУ односно поради тоа што при реемитувањето на програмски сервиси кои се титлувани на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, не било обезбедено титлување на македонски јазик или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија.

Едно решение за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси беше донесено поради реемитување програмски сервиси на домашен радиодифузер надвор од сервисната зона за која радиодифузерот има добиено дозвола за обезбедување на телевизиско емитување (член 143 став 1 од ЗААВМУ).

Во продолжение на оваа анализа следи графички приказ на опомените изречени од страна на Агенцијата во текот на 2016 година кон операторите на јавна електронска комуникациска мрежа заради констатирани повреди на одредбите на ЗААВМУ и на Правилникот за утврдување на локациите до кои операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски сервиси и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни да го испорачаат својот сигнал (Слика бр.3).




*Слика бр.3*
*Графички приказ на опомени кон операторите на јавна електронска комуникациска мрежа за повреди на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2016 година*

Видно од графичкиот приказ на Сликата број 3, се забележува дека повеќе од половина (24) од вкупниот број опомени (41), на операторите на јавна електронска комуникациска мрежа им биле изречени поради неисполнување на обврската за испорачување на излезниот сигнал до соодветната локација за прибирање сигнали. Во поголем број случаи (13), операторите на јавна електронска комуникациска мрежа биле опоменати и им било наложено исклучување на реемитувањето на програмски сервиси кои не биле регистрирани во Агенцијата, а во помал број случаи (3) опомени биле изречени на операторите поради непочитување на законските одредбите за употреба на јазикот (титулување на програмските сервиси). Во еден случај оператор бил опоменат поради реемитување програмски сервиси на домашен радиодифузер надвор од сервисната зона за која радиодифузерот има добиено дозвола за обезбедување на телевизиско емитување.

### 3.3. Опомени кон издавачите на печатени медиуми

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во периодот од 1-ви јануари до 31 декември 2016 година, донесе шест решенија за преземање мерка – опомена кон издавачите на печатени медиуми.

Најголемиот дел (5) од вкупно изречените опомени (6), Агенцијата изрече против издавачите на печатени медиуми кои не ја исполнија законската обврска на видно место за секој поединечен носител на содржина (примерок од печатен медиум) да обезбедат објавување на податоци за: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум, име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци (член 14 став 1 од Законот за медиуми).

Една опомена од страна на Агенцијата во анализираниот период беше изречена против издавач на печатен медиум кој најдоцна до 31 март 2016 година во еден дневен весник не ги објавил податоците за сопственичката структура, односно податоците за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување, ниту пак до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги доставил исечок од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето (член 15 став 2 од Законот за медиуми).

## 4. ПРЕДЛОЗИ ДО СОВЕТОТ ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА ЗА РАДИО/ТЕЛЕВИЗИСКО ЕМИТУВАЊЕ

Во текот на 2016 година, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до Советот на Агенцијата достави 37 предлози за покренување на постапки за донесување одлуки за одземање на дозволите за телевизиско/радио емитување. Прегледот на поединечните предлози до Советот за одземање на дозволата за радио/телевизиско емитување е даден во прилог на оваа анализа како Прилог бр.4.

Најголемиот број од доставените предлози за покренување постапка за одземање на дозволата (34) беа доставени до Советот на Агенцијата заради неплаќање од страна на имателите на дозволата на годишниот надоместок за дозвола за телевизиско или радио емитување во законски утврдениот рок (член 80 став 5 од ЗААВМУ).

Помал број предлози (2) беа доставени до Советот на Агенцијата, заради тоа што два радиодифузера и во дополнителниот рок не ги извршија обврските предвидени во член 15 став 1 и став 5 од ЗМ, а во врска со член 15 став 6 од истиот Закон, односно до 31 март во тековната година на посебен образец пропишан од

страна на Агенцијата не доставија податоци за сопственичката структура, односно податоци за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување, податоци за одговорниот уредник/уредници, податоци за изворите на финансирање на радиодифузерот во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично), податоци за остварените вкупни приходи и расходи на радиодифузерот во претходната година од обезбедувањето на дејноста и податоци за просечната слушаност на радиодифузерот во претходната година, како и заради тоа што до Агенцијата не доставиле писмен извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, а особено за спроведување на програмскиот концепт.

Еден предлог за покренување постапка за одземање на дозвола во анализираниот период беше доставен поради тоа што имател на дозвола за телевизиско емитување не ги исполнил обврските предвидени во член 15 став 3 од ЗМ (а во врска со став 6 од истиот член од Законот), односно поради тоа што радиодифузерот не ги објавил на сопствената програма податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник и изворите на финансирање во претходната година и до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не доставил снимка од објавата.

Во врска со доставените предлози за покренување постапки за одземање дозволи за радио/телевизиско емитување во анализираниот период, а согласно постапката утврдена во ЗААВМУ, Советот на Агенцијата иницираше 37 постапки за одземање на дозволата за телевизиско/радио емитување, од кои најголем број (31 постапка), Советот на Агенцијата ја запре, поради тоа што радиодифузерите го усогласија своето работењето со ЗААВМУ.

Преостанатите иницирани постапки (6) за одземање на дозвола за радио/телевизиско емитување во текот на 2016 година, поради неотстранување на повредите на ЗААВМУ и ЗМ за кои овие постапки беа иницирани, завршија со одземање на дозволите од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на: три трговски радиодифузни друштва што поседуваа дозвола за радио емитување на локално ниво преку радиофрекфенција, на едно трговско радиодифузно друштво што поседуваше дозвола за телевизиско емитување на регионално ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс и на две трговски радиодифузни друштва што поседуваа дозвола за телевизиско емитување на локално ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа.

## 5. РЕШЕНИЈА ЗА БРИШЕЊЕ ОД РЕГИСТАРОТ НА РАДИОДИФУЗЕРИ

Во анализираниот период, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе девет решенија за бришење од регистарот на радиодифузери, и тоа на:

- тројца радиодифузери кои поседуваа дозвола за радио емитување преку терестријален предавател на локално ниво, на кои радиодифузери им престана важноста на дозволата по сила на закон – со одземање на дозволите од страна на Агенцијата;
- еден радиодифузер кој поседуваше дозвола за телевизиско емитување преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа на регионално ниво, на кој радиодифузер му престана важноста на дозволата по сила на закон – со одземање на дозволата од страна на Агенцијата;
- два радиодифузера кои поседуваа дозвола за телевизиско емитување на регионално ниво, на кои радиодифузери им престана важноста на дозволата по сила на закон – со писмена изјава на имателите на дозволата;
- еден радиодифузер кој поседуваше дозвола за телевизиско емитување преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа на локално ниво, на кој радиодифузер му престана важноста на дозволата по сила на закон – со писмена изјава на имателот на дозволата, и
- два радиодифузера кои поседуваат дозвола за телевизиско емитување на локално ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, на кои радиодифузери им престана важноста на дозволата по сила на закон – со одземање на дозволите од страна на Агенцијата.

Во прегледот даден како Прилог бр.5 кон оваа анализа, дадени се детални податоци за: радиодифузерите за кои се донесени решенија за бришење од регистрите на радиодифузери, со број и датум на решенијата за бришење од регистарите на радиодифузери.

## 6. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ИЗРЕЧЕНИТЕ МЕРКИ – ОПОМЕНИ

### 6.1. Постапување по опомените изречени за повреда на одредби од Законот за аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и подзаконските акти[1]

Во анализираниот период, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изрече 80 опомени за констатирани прекршувања на одредби од Законот за аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, Правилникот за заштита на малолетните лица и на Правилникот за утврдување на локациите до кои операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски сервиси и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни да го испорачаат својот сигнал. Согласно изречените опомени, давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, требаше да го усогласат своето работење со законските и подзаконските акти, во роковите кои им беа утврдени во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година.

Радиодифузерите, издавачите на печатени медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа целосно и во рок постапија по 76 опомени, односно го усогласија своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, Правилникот за заштита на малолетните лица и на Правилникот за утврдување на локациите до кои операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски сервиси и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни да го испорачаат својот сигнал.

По две изречени опомени, радиодифузерот кон кого беа упатени, не го усогласи своето работење со член 92 став 1 од ЗААВМУ. Против овој радиодифузер, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги поднесе две барања за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

Кај два опоменати радиодифузери, Агенцијата не реализираше контролен надзор за да утврди дали истите постапиле по опомената, со оглед на тоа што редовниот надзор кај овие радиодифузери (врз основа на кој им беше изречена опомената), беше реализиран во декември 2016 година, а рокот за усогласување по изречената опомена согласно Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, истекуваше наредната година односно во јануари 2017 година. Согласно постојното законско решение, преземање мерка - поднесување барање за поведување на прекршочна постапка, е пропишано

---

[1] Правилник за заштита на малолетните лица и Правилник за утврдување на локациите до кои операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски сервиси и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни да го испорачаат својот сигнал

во случај на продолжување со вршење на истата повреда за која субјектот е опоменат во текот на годината (член 23 од ЗААВМУ).

### 6.2. Постапување по опомените изречени за повреди на Законот за медиуми

Од вкупно 41 изречена мерка – опомена за непочитување на одредби од Законот за медиуми, издавачите на медиуми постапија по 35, односно во дополнителниот рок од 45 дена ги отстранија прекршувањата на Законот за медиуми.

Четири радиодифузери по изречената опомена, во дополнителниот рок не го усогласија своето работење со одредбите од Законот за медиуми, следствено на што Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги против овие субјекти до надлежните судови во Република Македонија поднесе четири барања за поведување на прекршочна постапка.

Кај два програмски сервиси на јавниот радиодифузен сервис кои беа опоменати во анализираниот период, Агенцијата не реализираше контролен надзор за да утврди дали истите постапиле по опомената, со оглед на тоа што редовниот надзор кај овие радиодифузери (врз основа на кој им беше изречена опомената) беше реализиран во декември 2016 година, а рокот за усогласување по изречената опомена согласно Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, истекуваше наредната година односно во јануари 2017 година. Согласно постојното законско решение, преземање мерка - поднесување барање за поведување на прекршочна постапка, е пропишано во случај на продолжување со вршење на истата повреда за која субјектот е опоменат во текот на годината.

## 7. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во 2016 година на субјектите над кои вршеше надзор (издавачите на медиуми, операторите на јавна електронска комуникациска мрежа и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање), им изрече вкупно 167 мерки (121 опомена, 37 предлози за одземање на дозвола - од кои 6 завршија со одземање на дозволи и 9 решенија за бришење од регистарот на радиодифузери). Мерките беа изречени за повреди на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми, Правилникот за заштита на малолетните лица и Правилникот за утврдување на локациите до кои операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски сервиси и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни да го испорачаат својот сигнал.

Бројот на изречени опомени од страна на Агенцијата во 2016 година (121), доколку се спореди со бројот на опомени кои Агенцијата ги изрекла во 2015 година

(223)[2], при речиси ист број на извршени надзори во двете посочени години, укажува на фактот дека во 2016 година значително е помал бројот на изречени опомени, што претставува тенденција на зголемено почитување на прописите од страна на субјектите. За одбележување е и податокот дека субјектите кои биле опоменати од страна на регулаторното тело во 2016 година, во најголем дел постапиле по опомените и го усогласиле своето работење со законските и подзаконските акти. Имено, анализираните податоци покажуваат дека од 121 случај на изречена опомена, само во седум наврати било констатирано продолжување со вршење на истата повреда за која субјектите биле опоменати во текот на 2016 годината, поради што биле поведени седум прекршочни постапки. Овој податок ја потврдува погоре наведената тенденција на зголемено почитување на прописите и упатува на заклучок дека институтот опомена ја остварува целта поради која законодавецот го пропишал.

Најчесто прекршување кај радиодифузерите беше неисполнувањето на законските обврски за емитување музика и за програми изворно создадени на македонски јазик или на јазиците на заедниците во Република Македонија, кај операторите на јавна електронска комуникациска мрежа - неисполнувањето на обврската за испорачување на излезниот сигнал до соодветната локација за прибирање сигнал, а кај издавачите на печатени медиуми – неисполнувањето на обврските за објавување импресум.

Имаше случаи кога беше констатирана неможност за спроведување контролен надзор, кај кои редовниот надзор бил извршен при крајот на календарската година. Ова, од причина што согласно роковите пропишани во Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст), бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, контролниот надзор требаше да се изврши на почетокот од наредната година (2017 година). Со цел да не се доведат во нерамноправна положба субјектите кај кои редовниот надзор се врши на почетокот или во средината на календарската година и постои можност да се реализира контролен надзор, во однос на оние кај кои надзорот се врши при крајот на календарската година и постои опасност да не се реализира контролен надзор, а воедно и да се создаде можност за реализирање контролен надзор при вонреден надзор по иницијатива поднесена од државни органи, правни или физички лица, односно во случај на сомневања по службена должност на Агенцијата, кога иницијатива била поднесена кон крајот на календарската година (ноември, декември), се наметнува размислувањето во насока на допрецизирање на постојното законското решение утврдено во член 23, став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено, согласно постојното законско решение Агенцијата поднесува барање за прекршочна постапка во случај кога и покрај донесеното решение за опомена субјектот продолжува со вршење на истата повреда за која е опоменат, во текот на годината. Допрецизирањето на законската одредба би било, Агенцијата да може да се покрене прекршочна постапка доколку субјектот го повтори прекршокот за кој е опоменат во временски интервал од една година од денот кога субјектот на надзор

---

[2] Достапна на
http://www.avmu.mk/images/Analiza_na_site_prezemeni_merki_od_strana_na_Agencijata_protiv_radiodifuzerite_pecatenite_mediumi_OJEKM.pdf
Достапна на
http://www.avmu.mk/images/Analiza_na_site_prezemeni_merki_od_strana_na_Agencijata_protiv_radiodifuzerite_izdavacite_na_pecateni_mediumi_i_operatorite.pdf

за прв пат го сторил прекршокот за кој му била изречена опомена (за истата таа повреда).

**Прилози (5):**

1. Решенија за преземање мерка – опомена од страна на АВМУ до радиодифузерите (ТРД)
2. Решенија за преземање мерка – опомена од страна на АВМУ до издавачите на печатени медиуми
3. Решенија за преземање мерка – опомена од страна на АВМУ до операторите на јавна електронска комуникациска мрежа
4. Предлози до Советот за одземање на дозволата на радиодифузерите
5. Донесени решенија за бришење од регистарот на радиодифузери од страна на АВМУ

Бр.01-1151/1

06.03.2017 година

Анализата ја одобри:

д-р Зоран Трајчевски, Директор

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги СКОПЈЕ

# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

## Преземени мерки – опомени, предлози до Советот за одземање на дозволата на радиодифузерите и решенија за бришење од регистарот на радиодифузери од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2016 година

**Прилог бр.1**

**РЕШЕНИЈА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКА – ОПОМЕНА ОД СТРАНА НА АВМУ ДО РАДИОДИФУЗЕРИТЕ (ТРД)**
**74 (седумдесет и четири) превземени мерки – опомени**

| Ред. Бр. | Назив на радиодифузерот на кого му е доставено решението | Уп 1 број и датум на решението | Одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ)/Законот за медиуми/подзаконски акт која е повредена | Опис на дејствието поради кое на радиодифузерот му е доставено решението од страна на Агенцијата |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип | 03-91 од 22.02.2016 | Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот |
| 2. | Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп | 03-92 од 22.02.2016 | Член 64 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Необезбедување на превод на македонски јазик, односно на јазикот на заедницата што не е во мнозинство, на програмите на странски јазици или деловите од нив што се емитуваат на програмите на радиодифузерите |
| 3. | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје | 03-93 од 22.02.2016 | Член 14 од Законот за медиуми | Неисполнување на обврската од член 14 од Законот за медиуми, на начин што не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис |
| 4. | Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје | 03-94 од 22.02.2016 | Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот |
| 5. | Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈ А Скопје – Македонска | 03-95 од 22.02.2016 | Член 14 од Законот за медиуми | Неисполнување на обврската од член 14 од Законот за медиуми, на начин што не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2) | | | содржина од програмскиот сервис |
| 6. | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје | 03-96 од 22.02.2016 | Член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, |
| 7. | Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈ А Скопје – Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2) | 03-99 од 22.02.2016 | Член 92 ставови 2 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку 60% изворно создадена програма во Република Македонија на јазиците на намнозинските заедници, од која половина во периодот од 7 до 19 часот |
| 8. | Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈ А Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1) | 03-100 од 22.02.2016 | Член 92 ставови 2 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку 60% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот |
| 9. | Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп | 03-101 од 23.02.2016 | Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 9 и 22 од Правилникот за заштита на малолетните лица | Емитување контактна, интерактивна програма со јасновидци како програма што не се препорачува за лица под 18 години и емитување објави за програма без нивно обележување со визуелниот знак што ја означува категоријата програма и во несоодветни временски периоди од деноноќието |
| 10. | Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈ А Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1) | 03-102 од 23.02.2016 | Член 55 ставови 5, 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Непочитување на правилата за емитување програма во која се пласирани производи |
| 11. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје | 03-135 од 04.03.2016 | Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица | Емитување програма во несоодветен временски период од деноноќието и емитување програма односно нејзино означување со погрешна предупредувачка сигнализација |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12. | Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје | 03-157 од 17.03.2016 | Член 14 од Законот за медиуми | Неисполнување на обврската за објавување на податоци што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис |
| 13. | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје | 03-166 од 22.03.2016 | Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот |
| 14. | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје | 03-165 од 22.03.2016 | Член 55 ставови 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Непочитување на правилата за емитување програма во која се пласирани производи |
| 15. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје | 03-220 од 28.03.2016 | Член 92 став 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Неисполнување на обврската за емитување половина од изворно создадената програма во Република Македонија на македонски јазик, во периодот од 7 до 19 часот |
| 16. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје | 03-219 од 28.03.2016 | Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица | Емитување програма во несоодветен временски период од деноноќието и емитување програма односно нејзино означување со погрешна предупредувачка сигнализација |
| 17. | Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје | 03-233 од 04.04.2016 | Член 14 став 1 од Законот за медиуми | Не ја исполнил во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, на начин што не ги објавил податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис. |
| 18. | Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје | 03-232 од 04.04.2016 | Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Необјавување на правилата за учество во програмите со наградно учествување на гледачите, и не давање опис на јавно ветените награди |
| 19. | Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје | 03-231 од 04.04.2016 | Член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Емитување прикериени аудиовизуелни комерцијални комуникации |
| 20. | Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје | 03-230 од 04.04.2016 | Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Необезбедување на информации достапни за корисниците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 21. | Трговско радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово | 03-229 од 04.04.2016 | Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Необезбедување на информации достапни за корисниците |
| 22. | Трговско радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово | 03-234 од 04.04.2016 | Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на албански и македонски јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот |
| 23. | Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје | 03-237 од 06.04.2016 | Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 16, член 17 и член 22 од Правилникот за заштита на малолетните лица | Емитување програма со погрешна предупредувачка сигнализација, во несоодветен термин од деноноќието и без предупредувачка сигнализација за соодветната категорија програма |
| 24. | Трговско Радио – Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола | 03-245 од 15.04.2016 | Член 15 став 5 од Законот за медиуми | Неисполнување на обврската за доставување на писмен извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио емитување до Агенцијата во рок и на начин утврден во член 15 став 5 од Законот за медиуми |
| 25. | Друштво за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга | 03-246 од 15.04.2016 | Член 15 став 5 од Законот за медиуми | Неисполнување на обврската за доставување на писмен извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио емитување до Агенцијата во рок и на начин утврден во член 15 став 5 од Законот за медиуми |
